Дневни билтени

2015

Февруари
Март
April
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 08.08.2020

На 08.08.2020 година во временскиот период од 00,15 до 02,00 часот од страна на инспектори од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар - СВР Тетово при Бирото за јавна безбедност на МВР врз основ на писмена наредба од судија по претходна постапка при Основен Суд Гостивар бил извршен претрес во угостителски објект и други помошни простории сопственост на Р.Б.(46)од с. Добридол, поради основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори"од Кривичниот законик на Република Северна Македонија .При извршениот претрес во угостителскиот објект биле затекнати десет женски лица на возраст од 21 до 39 години од кои три се државјанки на Република Северна Македонија, шест се државјанки од Република Албанија и една е од Република Косово , кои заедно со сопственикот на угостителскиот објект Р. Б. биле лишени од слобода и задржани во полициска станица Гостивар поради основано сомнение за извршено кривично дело „Трговија со луѓе" член 418-а, од Кривичниот законик на Република Северна Македонија и против нив по завршување на постапката ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 08.08.2020 во 01,50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул."Митрополит Теодосиј Гологанов", го лишиле од слобода М.С.(21) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.08.2020 во 20,45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба ги лишиле од слобода А.Б.(32) и Г.Т.(39) двајцата од Скопје затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

ОВР Неготино поднесе известување до ОЈО Кавадарци против 17-годишник од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба на наркотични дроги". Имено, на 21.09.2019 околу 16.00 часот пријавениот, заедно со свој другар од Кавадарци дошле во Неготино, каде се сретнале со М.Д. од Неготино и откако набавиле марихуана пријавениот му ја дал за употреба на М.Д.. При вршење на контрола од полициски службеници, тие биле пресретнати како употребуваат марихуана, а при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана помешана со тутун.

ОВР Неготино поднесе кривична пријава против Ј.Д.(18) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 25.05.2020 при извршен претрес во домот и помошните простории во викенд куќа во с.Чифлик, демиркаписко, во сопственост на С.К. и во патничко возило „пасат", сопственост на Т.К. од Неготино, а управувано од неговиот син Р.К., другар на пријавениот, пронајдени биле две кутии со петарди, сопственост на Ј.Д.

На 07.08.2020 во 11,15 часот било пријавено дека во Комплексот клиники "Мајка Тереза" со повреди здобиени од сообраќајна незгода била донесена А.Ц.(80) од Скопје. Имено, истиот ден околу 10,45 часот на крстосницата од ул.„Кемал Сејфула", ул.„Вуковарска" и ул.„Емин Дураку", жената била удрена од запрежна кола, управувана од засега непознато лице кое по незгодата го напуштило местото на настанот. На повредената и биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.08.2020 во 00,00 часот било пријавено дека во Комплексот клиники "Мајка Тереза" со повреди здобиени од сообраќајна незгода бил донесен Б.П.(24) од Скопје. Имено на 07.08.2020 околу 22,15 часот Б.П. додека со велосипед движел во населбата Илинден бил удрен од непознато патничко моторно возило управуван од засега непознат возач кој по незгодата го напуштил местото на настанот. На повредениот му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.08.2020 во 11,40 часот во Полициската станица Центар Г.Р.(43) од Скопје, пријавила дека на Кеј"13-ти Ноември" била касната од куче скитник.

На 07.08..2020 во 18,00 часот во Полициската станица Гази Баба О.С.(48) од Скопје пријавил дека во населбата Железара бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.С.(32) од тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластување" и „злоупотреба на лични податоци". Пријавениот, вработен во Македонска пошта - подружница ЦРПС Тетово, Долно Палчиште, тетовско, ја злоупотребил службената положба и овластување така што во временскиот период од јануари 2020 до 28.04.2020 извршил неовластено присвојување на парични средства во негова корист од трансакциска сметка на клиентот Л.Ј., примател на пензија. Имено, пријавениот секојдневно реализирал исплата и уплата од трансакциска сметка, со цел да го покрие недостатокот во благајната, со тоа што извршил злоупотреба на трансакциска сметка сопственост на оштетената и го извршил и кривичното дело „злоупотреба на лични податоци''. При извршената контрола од страна на инспектори при АД Пошта на Република Северна Македонија било констатирано дека пријавениот имал недостаток во благајната од 83.822 денари, а за извршените исплати и уплати не испраќал никаков документ и во неколку наврати ги потпишувал сам или воопшто не ги потпишувал.

ОВР Прилеп до ОЈО Прилеп поднесе кривична пријава против А.Ц.(26) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Пријавениот, искористувајќи ги податоците од платежната картичка на Е.У., извршил повеќе плаќања за спортско облекување на интернет страна, стекнувајќи се со противправна имотна корист, а на штета Е.У.

На 07.08.2020 во 18,40 часот било пријавено дека во Охрид на бул.„Туристичка", во близина на бензинска пумпа моторцикл „дукати" со охридски регистарски ознаки управуван од И.А. (37) од Охрид паднал на коловозот здобивајќи се со тешки телесни повреди, констатирани во болницата "Св.Еразмо"-Охрид. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Охрид.

На 07.08.2020 во 21,30 часот С.Н.(61) од с.Могила му се јавил на З.К.(47) од истото село кој во тој момент бил заедно со Д.А.(37) во возило на пат кон Прилеп, и побарал од него бидејќи се повредил да дојде во неговиот дом и да го однесе на лекар во Битола. Во Клиничката болница Битола на лицето С.Н од страна на лекар му биле констатирани тешки телесни повреди- прострелна рана. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.08.2020 во 23,20 часот В.Ј.(43) од Тетово пријавила дека истиот ден околу 13,30 часот во Тетово на ул."Илинденска" додека извршувала работни задачи како обезбедување во продажен салон била физички нападната од И.А.(54) од с.Селце и уште едно непознато женско лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.08.2020 во 03,00 часот В.Д.(40) од Тетово, пријавил дека на 07.08.2020 околу 14,00 часот на ул."Титовелешка" во Скопје бил физички нападнат од Д.Н., Ѓ.Н и уште две непознати лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.08.2020 во 10,20 часот во Полициската станица Центар И.М.(43) од Скопје пријавил дека на ул."Максим Горки" бил каснат од куче скитник.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет